Macedonian | Македонски

# Знајте го ризикот од поплава



## Дознајте за вашот ризик од поплава

- Контактирајте ја вашата општина (council) за локални информации за вашиот ризик од поплава.
- Контактирајте ја вашата локална служба на NSW SES Единица за локализирани информации за поплави.
- Разговарајте со вашите соседи и со жителите кои долго време живееле, работеле или ја посетувале областа, за информации за поплави во минатото.
- Истражете на која висина вашиот дом, бизнис или имот може да бидат погодени од поплава.
- Проверете дали имате соодветна полиса за осигурување што ќе ги покрие штетите од поплави за вашиот дом и имот.

## Бидете свесни за последиците од поплавите

- Оштетување на вашиот дом, бизнис или имот
- Прекин во снабдувањето со струја и вода
- Прекин на комуникациските врски
- Оштетување на канализационите системи
- Вода надојдена преку патиштата, мостовите и местата што ги посетувате
- Изолација. Дури и ако вашиот имот не е поплавен, може да бидете опкружени со надојдена вода.

## Знајте што треба да правите и каде да одите



Планирајте да заминете порано.



Споделете го вашиот план за вонредни ситуации со семејството, соседите и колегите и редовно прегледувајте го.



Планирајте безбедни патишта за патување за различни сценарија на затворени патишта.




## Бидете информирани

Преземете ја апликацијата **Hazards Near Me** на вашите мобилни уреди и создадете **Зони за набљудување (Watch Zones)** за областите каде што живеете, работите и ги посетувате.

Во ситуации опасни по животот, **јавете се на три нули (000)**

За итна помош при поплава, невреме или цунами, јавете се на **NSW SES** на **132 500.**

**www.ses.nsw.gov.au/languages**

@NSWSES NSWSES NSWSES